# ДИМЧЕВСКИ

# *ТРАЈЧЕ ДИМЧЕВСКИ*
*цртежи*

# *TRAJČE DIMČEVSKI*
*drawings*

*Музеј на современата уметност, Скопје*
*Museum of Contemporary Art, Skopje*

*11. XI. — 1. XII 1986*

*Народен музеј*
*Ликовен салон*
*Титов Велес*

*National Museum*
*Titov Veles*
*декември-December 1986*

Трајче Димчевски, припадник на помладата генерација ликовни уметници, се јавува на нашата ликовна сцена во (осмата) деценија кога македонската графика се избори за рамноправен статус во однос на другите ликовни дисциплини. И покрај тоа што овој период го карактеризира преплетување на одредени техники и насоки, со акцент на лична интерпретација и индивидуалниот ракопис, Димчевски веднаш и исклучиво, се ориентира кон графичкиот израз, истовремено, и со ист интензитет, работејќи и на цртежот.
За разлика од голем број уметници коишто паралелно се занимаваат со сликарство, тој им останува приврзан на цртежот и на графиката, тргнувајќи секогаш од конкретен мотив или доживување, што повеќе или помалку, како препознатливо сеќавање, го пренесува на белината на фонот. Всушност, цртежот (од кого мошне често изведува и графички отисок во сито печат), е оној битен и клучен момент што го насочи кон графичкиот израз.
Веќе во своите рани творби авторот ја иницира определбата кон нефигуративниот израз предаден преку креативна транспозиција и лична експресија, обоена со лирски сензибилитет, развивајќи, така, една индивидуална поетика. Во неговото творештво не треба да се бараат некои неочекувани пресврти и скокови. Но, сепак, можно е да се забележат одредени поместувања и промени во творечкиот процес и во самата цртачко-графичка постапка. Во постарите творби, во една препознатлива форма, ликовно се транспонирани „белешки“ од природата и природните феномени. Овој „манир“ од почетокот носи одреден дух на лирска, геометриска апстракција, во кој поредок се јавуваат поголеми површини (со тонски решени или пак црно-бели сегменти), кои претставуваат контрапункт на линеарната разиграност на одредени партии. Во подоцнежниот период, сеќавањата на пределот и мотивот се движат во еден хармоничен ритам на темни и светли плохи, врамнотежени со снопови на линии. Оваа визелизација на звуците од природата создава нов структурален поредок во кој се усогласуваат и преплетуваат емотивни и рационални моменти, преку изразноста на линијата, контрастите на полни и празни површини, како и на тонските прелевања и светло-темната „барокна“ разиграност на еден самостоен пластичен организам. Таа разбранувана игра на светло-темната „постичност“ на извитканите линии и нивните тонски градации и претопувања, врамотежена е со еднобојно решени површини кои иницираат пробивање или светлосни продори во „сликата“. Но пред се, кај Дамчевски е примарна играта со односите меѓу облиците и линиите, каде што динамиката на композицијата е потенцирана со светлосните ефекти. Таа арабеска на линии како аналогии на чулно и духовно и геометриско и органско, создава автономна знаковност. Во неговите дела во коишто доминира една геометриска схема-игра: квадрат, круг, триаголник, елипсоидни облици, а кои не се предадени во својата изворна или буквално-математичка форма, туку во една послободна варијанта со благи контури, тие се спротивставуваат и во исто време усогласуваат со оние „шифри“ на еден од начините на моделирањето на композицијата коишто зборуваат за симболика на податоците земени од појавната стварност. Во овој систем на знаци пренесени во „урбанизиран“ контекст, бојата станува мошне значаен момент на динамизирање на чистите површини, како и на акцентирање на нерватурата, пренесувајќи ги конкретните визуелни податоци во една редуцирана или „апстракна“ форма, во една таква естетика која секогаш носи препознатливи белези. Додека во одреден број цртежи се забележува делумна иконографска оптовареност, во другите тој тематски набој се смалува, синтетизира и редуцира до конечно ликовно прочистување со симболични конотации, во кои што рамки е можно само визуелно да ги насетиме реалностите на природата во една нова „сведена“ наративност. Тие „графички“ транспонирани визуелни

впечатоци (за структуралноста на некои од сегментите од реалниот свет) имаат поблиско или подалечно асоцијативно значење, акцентирајќи ја основната преокупација на Димчевски: проучување на структуралната морфологија на своите дела. Со ова сознание, со кое авторот се здоби уште во своите почетни истражувања, тој изгради една специфична лексика и условна знаковност што предизвикува одредени сеќавања на лирска и геометриска апстракција, која што останува во рамките на асоцијативното, но не и на директна и конкретна препознатливост. Оваа панорама на послободно толкување, преобликување и транспонирање (ликовно) на видено и реално, се преобликува во индивидуална симболика и во сопствена егзистенција на сликата. Во овој случај не станува збор за одредени компромиси, бидејќи кај Димчевски, пред се, се работи за една ликовност и за нејзините внатрешни решавања што во дефинитивна форма се реперкуираат во спојот на рационално-емотивна скала на видено и прочувствувано. Оваа нарација предадена преку педантна и студиозна игра на „сензибилниот графизам", создаде штимунг со поетско наративен набој во кој податоците од реалното се доживуваат преку нивните ликовно-интерферирани ознаки. Навидум едноставна, композицијата го содржи оној сложен ликовен систем од конструктивни склопови, сложени линиски системи и нивните конфронтации со кои уметникот внесува некои емотивни сигнали во рационално компониран, хармоничен систем.
Со одбирање на обичен фрагмент од панорамата на пејзажот, и со неговото расчленување во просторот на листот, Димчевски ги акцентира во една стилизирана форма основните и индивидуално перцепирани атрибути на природата, транспонирајќи ги во една ликовна „метафора". Со такво визуелно соопштување остава на гледачот да ја догради и дополни „приказката" со сопствениот перцептивен потенцијал.
Во најновите дела Димчевски го обработува истиот проблем, со тоа што му дава некои нови визуелни вредности и пиктурални ефекти што пред сè се однесува на пополнување на белината на листот, каде што од згаснатите тонски „акварелски" разлеани површини, пробива онаа белина која што порано беше примарна и го создаваше просторот во кој се оформуваше авторовиот ликовен свет. Тонската градација на монохромните планови е делумно динамизирана со суптилно повлечени линии како и со посветли планови, така што, за разлика од претходната постапка, се постига одредена сликарска гестуалност. Меѓу хармонично распоредените снопови на штрафури со различна густина (со што се потенцира динамичноста), пробиваат светли траги со широки, меки потези конфронтирани со темната гама. Сензибилноста на поединечните графизми сега е заменета со суптилни белузлави „патеки" што ги делат „пејзажните острови". Ова претопување на линии и површини што се движат во мирен ритам на бранување, во „конструктивниот ред" на композицијата внесуваат послободен третман и специфичен лирски тон. Сепак може да се констатира дека и покрај одредени поместувања во развојот на естетиката на цртежите на Трајче Димчевски, не е можно стриктно повлекување на поедини фази или јасно диференцирање на одредени стилски целини, бидејќи неговото размислување е упатено кон продлабочување и изнаоѓање разновидни можности на чиста игра на усогласување на ликовните елементи на „сликата". Тука станува збор за повеќе индивидуални поетики блиски до асоцијативната и геометриската апстракција, со лирски конотации. Донекаде, тоа се реперкуира и на често навраќање на одредени битни елементи во неговите дела, врз кои тој го има изградено својот ликовен ракопис, а кои останаа онаа примарна појдовница што дозволува натамошно надградување на ликовно-идејните сознанија. Тоа се искуствено веќе прифатени визуелни белешки на сегменти од појавната стварност, која што авторот ги става во одредени односи давајќи им личен креативен тон, во кој контекст е примарен креативниот процес (играта), па дури после она што од неа произлегува.

Сумирајќи ги согледувањата што творештвото на Трајче Димчевски ни ги овозможува, може да се зборува за неколку клучни моменти во неговата постапка. Пред се, веќе некаде во самите почетоци, во неговите творби се насетуваше онаа генерална линија на авторовиот цртачко-графички израз: барање на ликовните вредности во содржината на одбраниот мотив и неговите скриени визуелни значења; истражување на феноменот на светлото и на односот меѓу светло-темните површини и линии, како и кореспонденцијата меѓу позадината и „мотивот". Дешифрирањето на визуелните податоци од предметниот свет, така се претвори во симболика на линеарно-плошна парадигма.
Меѓутоа, во најновите дела не станува збор за систем на редукција или за метод на апстрахирање, туку пред се, се работи за истражување на визуелните елементи на формите — за афирмирање на чисто „пластичните" вредности или едноставно — усогласување на ликовните елементи во композицијата. Оваа постапка го неутрализира системот на линеарните структури и строго ограничени и дефинирани површини. Појавување на црни (или згаснати) површини што доминираат, дискретно потенцирање на пластичноста на одредени елементи, особено на светлите „траги", ги оддалечува овие дела од визуелните аналогии на конкретни предели. Сепак се чини дека визуелните асоцијации на предметниот свет се само ирелевантен момент, додека е примарен интересот за претставување и проучување на ритмовите на внатрешната структура на формите и нивните меѓуодноси.

*Викторија Васев Димеска*



50, 986/1986

*Trajče Dimčevski belongs to the younger generation of artists which appeared in the seventies when Macedonian graphics won equality with the other visual disciplines. Although this period was characterized by the interweaving of certain techniques and directions, with the accent on personal interpretation and the individual signature, Dimčevski immediately and exclusively oriented himself toward graphic expression, at the same time and with the same intensity working on drawing.*
*In contrast to a great number of artist who made paintings as well, he remained attached to drawing and graphics, always starting from a concrete motif or experience, which he transferred more or less as a recognizable recollection to the whiteness of the background. Actually, the drawing — from which he quite often makes a graphic print in serigraphy — is the essential element which directed him towards graphic expression.*
*Even in his early works, the artist showed his bent for non-figurative expression rendered through creative transposition and personal expression coloured by lyric sensibility, thus developing an individual poetics. We should not look for unexpected turns and leaps in his opus. Yet it is possible to note certain shifts and changes in the creative process and in the drawing-graphic procedure itself. In the earlier works, "notes" from nature and natural phenomena are visually transposed in a recognizable form. From the beginning, this "manner" shows a spirit of lyrical and geometrical abstraction, where large surfaces occur in the composition (with coloured or black-and-white segments), forming a counterpoint to the lineal playfulness of certain parts. In his later period, recollections of the landscape or motif move in a harmonious rhythm of dark and light surfaces brought into balance by bundles of lines. This visualization of the sounds of nature creates a new structural system in which emotional and rational elements are interwoven and brought into harmony through the expressiveness of the line, contrasts of full and empty surface, as well as colour shading and light-dark "baroque" playfulness of an independent plastic organism. The wavy play of the light-dark "poetry' of twisting lines and their colour gradations and combinations in balanced by monochromatic surfaces which permit the penetration or breakthrough of light into the picture. But Dimçevski's primary characteristic is his play with the relationship between shapes and lines, where the dynamism of the composition is strengthened by the effects of light. That arabesque of lines analogous to the sensual and spiritual and geometrical and organic creates an autonomous sign system. In those works dominated by a play of geometrical figures — square, circle, triangle, elliptical shapes — which are not rendered in their original or purely mathematical form, but in a freer variant with mild contours, they are contrasted and at the same time harmonized with those "codes" of one of the ways of modelling the composition that reveal a symbolism of data taken from outer reality. In this system of signs transferred into an "urbanized" context, colour becomes a very important element in making the clear surfaces dynamic and stressing their inner structure, rendering the concrete visual data in a reduced or "abstract" form, in an aesthetics which always displays recognizable traits. While in a number of drawings we note a partially iconographic loading, in the rest of them this thematic charge is decreased, synthesized and reduced to a final visual purifucation with symbolic connotations, within the framework of which we can only sense the realities of nature visually, in a new "reduced" narration. These "graphically" transposed visual impressions (about the structural quailty of some of the segments of the real world) have a closer or more remote associative meaning, emphasizing Dimčevski's basic preoccupation — the study of the structural morphology of his own*

*works. Having acquired this knowledge even in his early investigations, the artist has constructed his own lexicology and conditional sign system which is somewhat reminiscent of a lyrical and geometrical abstraction that remains within the scope of the associative, but not of the directly and concretely recognizable, too. This panorama of freer interpretation, reshaping and (visual) transposition into* seen *and* real *is transformed into individual symbolism and the independent existence of the picture. In this case there are no compromises, since Dimčevski's works offer, above all, a visual quality and internal solutions of their own, which in their final form are reflected in the meeting of* seen *and* felt *on the rational-emotional scale. This narration, presented through the careful and studious play of "sensitive graphism", creates an atmosphere containing a narrative charge in which the data from reality are experienced through signs that have undergone visual interference. Although apparently simple, the composition has a complex visual system of constructional entities, complicated lineal systems and their confrontations by which the artist introduces certain emotional signals into the rationally composed harmonious system.*

*By choosing a commonplace fragment from the panorama of the landscape and dividing it on the paper, Dimčevski stresses in a stylized form the basic and individually perceived attributes of nature, transposing them into a visual "metaphor". By such an announcement he leaves it to the beholder to build further and to supplement the story out of his own potential for perception.*

*In his most recent works, Dimčevski treats the same problem, giving it some new artistic values and pictorial effects. It is above all a matter of filling the whiteness of the paper — the whiteness that was once primary and created the space in which the artist's visual world was formed comes out of dark surfaces that merge as in water-colour. The colour gradation of the monochromatic planes is partially enlivened by subtly drawn lines as well as brighter planes, so that, in contrast to the previous procedure, a certain artistic "gestural" quality is achieved. Through the harmoniously arranged bundles of shading of various density (thus emphasizing the dynamism), bright lines emerge with broad, soft strokes confronting the range of darkness. The sensitiveness of the individual "graphisms" is now replaced by subtle off-white "paths" which divide the "landscape islands". This merging of lines and surfaces that move in a quiet rhythm of waves introduces a freer treatment and specific lyrical tone into the "constructional order" of the composition.*

*Yet we can conclude that in spite of certain shifts in the aesthetic development of Trajče Dimčevski's drawings, it is not possible to identify strict stages or clearly defined stylistic wholes, since his ideas are directed towards deepening and finding out various possibilities of pure play for the harmonization of the visual elements of the "picture". Here we witness a number of individual poetics coming close to associative and geometrical abstraction with lyrical connotations. To a certain extent, this is reflected also in the frequent use of some central elements of his works, upon which he has built his visual signature and which have remained the main starting point that allows the further build-up of visual and ideational knowledge. These are the visual notes received from experience of segments of outer reality, which the artist puts into certain relationships, giving to them his personal creative tone, in which contexts what is primary is the creative process — the play — and only afterwards, what comes out of it.*

*Summing up the ideas which Trajče Dimčevski's creative work offers us, we can speak about several crucial factors in his approach. Above all, even early on, his works revealed the general line of the artist's drawing-graphic expression — a search for the artistic values within the motif chosen and its hidden visual meanings, a study of the phenomenon of light and the relationship between light and dark surfaces and lines, and the correspondence between the background and the "motif". Thus the decoding of visual data from the objective world was transformed into the symbolism of a paradigm of lines and surfaces. His most recent works, however, do not represent a system of reduction or a method of abstraction, but, above all, offer a study of the visual elements of form — affirmation of the purely "plastic" values or, simply, co-ordination of the artistic elements in the composition. This procedure neutralizes the system of lineal structures and strictly delimited and defined surfaces. The appearance of black (or dark) surfaces that dominate, subtly emphasizing the plastic quality of certain elements, especially of the bright "trails", moves these works away from the visual analogies of concrete landscapes. Yet the visual associations of the objective world seem to be only an irrelevant factor, while what is of primary significance is the interest in the representation and study of the rhythms of the inner structure of forms and their inter-relationships.*

*Viktorija Vasev Dimeska*



2. 1480/1980 24. 282/1982





*31. 283/1983*



37. 884/1984



45. 885/1985



*23. 482/1982*

*51. 386/1986*





53. 786/1986



*52. 586/1986*



49. 686/1986



*КАТАЛОГ*
*CATALOGUE*
*цртежи/drawings*

*1980 година*

1. 380/1980, 70 x 76
2. 1480/1980, 55 x 71
3. 980/1980, 46 x 71
4. 1080/1980, 70,5 x 54
5. 180/1980, 55 x 71
6. 680/1980, 50,4 x 71
7. 880/1980, 53 x 71
8. 1680/1980, 45 x 71
9. 580/1980, 52 x 71
10. 780/1980, 50 x 60
11. 1880/1980, 50 x 71
12. 2080/1980, 71 x 70

*1981 година*

13. 881/1981, 48,5 x 70
14. 981/1981, 43,3 x 71
15. 481/1981, 57 x 71
16. 281/1981, 68 x 71
17. 181/1981, 71 x 100
18. 581/1981, 100 x 68
19. 681/1981, 71 x 100

*1982 година*

20. 1182/1982, 50 x 70
21. 882/1982, 49 x 70
22. 782/1982, 60 x 50
23. 482/1982, 79,8 x 68
24. 282/1982, 70 x 100
25. 382/1982, 100 x 71
26. 682/1982, 50 x 60
27. 182/1982, 89 x 63,5

*1983 година*

28. 183/1983, 50 x 70
29. 983/1983, 70 x 70
30. 483/1983, 70 x 100
31. 283/1983, 70 x 100
32. 683/1983, 25 x 35
33. 1083/1983, 25 x 35
34. 1183/1983, 28 x 35
35. 1383/1983, 93,5 x 70

*1984 година*

36. 184/1984, 50 x 70
37. 884/1984, 70 x 49
38. 784/1984, 70 x 100
39. 984/1984, 100 x 66,5
40. 284/1984, 25 x 35
41. 584/1984, 50 x 70

*1985 година*

42. 585/1985, 50 x 70
43. 685/1985, 50 x 70
44. 285/1985, 70 x 100
45. 885/1985, 70 x 100
46. 185/1985, 30 x 35
47. 485/1985, 35 x 46
48. 385/1985, 30 x 35

*1986 година*

49. 686/1986, 50 x 70
50. 986/1986, 50 x 70
51. 386/1986, 100 x 70
52. 586/1986, 35 x 50
53. 786/1986, 70 x 100
54. 886/1986, 25 x 35
55. 486/1986, 25 x 35
56. 1086/1986, 51 x 73
57. 1386/1986, 70 x 100
58. 186/1986, 25 x 35
59. 1186/1986, 70 x 100

*Сите дела се работени со туш во боја и акварел на хартија.*
*Димензиите се дадени во сантиметри.*
*All the works are made in coloured Indian ink and watercolour on paper.*
*Dimensions are in centimeters.*

*БИОГРАФИЈА*

*Роден е 1950 година во Скопје, Завршил Педагошка академија во Скопје 1983 година. Како добитник на стипендијата „Моша Пијаде", престојувал во Париз 1980 година. Работи како ликовен соработник во Музејот на Македонија.*
*Член е на ДЛУМ од 1973 година.*
*Адреса: Васил Ѓорков, 22/64, 91000 Скопје, тел. 229—717.*

*Самостојни изложби*

*1979 — Скопје, Ликовен салон (Градски трговски центар), 9—20. IV 1979 (20 графики).*
*Охрид, Дом на културата*
*1980 — Загреб, Галерија „Karas", 17—30. IX 1980 (22 графики 6 цртежи)*
*1981 — Суботица, Salon likovnog susreta, 15—30. IX 1981 (25 графики)*
*1985 — Скопје, Студио „Б", 28. XI — 4. XII 1985 (13 графики)*

*Награди*

*1975 — Суботица, Награда за графика на Ликовните средби.*
*1976 — Скопје, Награда „Моша Пијаде" на VII графичка изложба на ДЛУМ.*
*1978 — Битола, Откупна награда на III Југословенско триенале на графика.*
*1979 — Скопје, Откупна награда на НУБ „Климент Охридски" на X графичка изложба на ДЛУМ.*
*1980 — Скопје, Откупна награда на Музејот на современата уметност — Скопје на XI графичка изложба на ДЛУМ.*
*1984 — Приштина, Откупна награда на Салонот на младите.*

*Групни изложби*

*1974 — Скопје, V графичка изложба ДЛУМ '74, Салон на НУБ „Климент Охридски", 9—25. V 1974;*
*Загреб, VIII загрепска изложба на југословенска графика, Kabinet grafike JAZU, мај—јуни 1974;*
*Кралево, Југословенски сликари за Спомен-паркот во Кралево, октомври 1974;*
*Скопје, 30 години ДЛУМ, Уметничка галерија, ноември-декември 1974.*
*1975 — Суботица, XIV ликовни средби Суботица (изложба на графика) Galerija likovnog susreta, декември 1975 — јануари 1976;*
*Скопје, VI графичка изложба на ДЛУМ, НУБ „Климент Охридски", 14—31. V 1975.*
*1976 — Скопје, VII графичка изложба на ДЛУМ, НУБ „Климент Охридски", 6—20. V 1976;*
*Суботица, Пеќ, Ополе, Лахти, Југословенска графика од фондот на ликовните средби Суботица, мај 1976.*
*1977 — Скопје, XXXII изложба на ДЛУМ, Музеј на современата уметност, 4. XI—4. XII 1977;*
*Бачка Топола, 47 изложба — сликарство, скулптура, графика, применета уметност, Mala galerija, 22—31. XII. 1977.*
*1978 — Скопје, IX графичка изложба на ДЛУМ, НУБ „Климент Охридски", 9—31. V 1978;*
*Бања Лука, Современа македонска уметност (од циклусот: Современа ликовна уметност на народите и народностите на СФРЈ), Dom kulture, 15—31. V 1978;*
*Загреб, X загрепска изложба на југословенска графика, Kabinet grafike JAZU, мај—јуни 1978;*
*Битола, 3. триенале на современата југословенска графика, Галерија на современата југословенска графика, 11. X — 11. XI 1978;*
*Скопје, 33 годишна изложба на ДЛУМ, Музеј на современата уметност, 1—25. XI 1978;*
*Суботица, Југословенска графика, Galerija likovnog susreta, декември, 1978*
*1979 — Бачка Топола, 48. изложба, Уметничка колонија Бачка Топола, Mala galerija, 24. III — 15. IV 1979;*
*Суботица, Македонска графика, Galeria likovnog susreta, септември 1979.*
*Скопје, ДЛУМ Цртеж '79, НУБ „Климент Охридски", 6—18. XII 1979.*
*1980 — Берлин, Intergrafik '80, Ausstellungszenrum am Fernsehturm, 5. II—31. III 1980.*
*Скопје, XI графичка изложба на ДЛУМ, НУБ „Климент Охридски", 7—31. V 1980;*
*Суботица, Збирка на графики од фондот на ликовните средби Суботица. Moderna galerija likovnog susreta, март 1980;*
*Скопје, Современа македонска графика од колекцијата на МСУ, Музеј на современата уметност, септември-октомври 1980;*
*Скопје, Современа норвешка и македонска графика од збирките на МСУ — Скопје, Центар за култура и информации, 26. V — 10. VI 1980;*
*Скопје, Откупени уметнички дела од Републичката СИЗ за култура (1977—1979), Музеј на современата уметност, март 1980.*
*Београд, Современи македонски графичари, Трибина „Борбе", ноември 1980;*
*Скопје, XXXV годишна изложба на ДЛУМ, Музеј на современата уметност, 26. XI — 15. XII 1980.*
*1981 — Скопје, XII графичка изложба на ДЛУМ, НУБ „Климент Охридски", 7—21. V 1981;*
*Битола, Уметничка галерија „Моша Пијаде", 4—18. VI 1981;*
*Штип, Дом на културата, 25. VI — 8. VII 1981;*
*Куманово, Уметничка галерија, 15—29. VII 1981.*
*Загреб, VIII загрепска изложба на југословенски цртеж, Kabinet grafike JAZU, мај-јуни 1981;*
*Гевгелија, II графичка колонија, Работнички универзитет „Кирил и Методиј", Центар за култура, 10—22. VIII 1981;*
*Скопје, Графичка колонија Гевгелија '81, Центар за култура и информации, 21. X — 1. XI 1981;*
*Загреб, Современа графика во Македонија, Скопски културен мозаик во Загреб, Galerija Forum, 21. X 1981;*
*Цетиње, 15. јубилејна изложба на ликовниот салон „13 ноември", „Vladin dom", Umjetnički muzej SRCG, 12—22. XI 1981;*
*Скопје, СДЛУЈ '81, Музеј на современата уметност, октомври-ноември 1981.*
*Сомбор, VII триенале на современиот југословенски цртеж, — XXI ликовна есен Сомбор, Gradski muzej, октомври-ноември 1981;*
*Битола, 4. триенале на современата југословенска графика, Уметничка галерија „Моша Пијаде", 27 XI — 27. XII 1981;*
*Скопје, XXXVI годишна изложба на ДЛУМ, Уметничка галерија, 27. XI — 27. XII 1981.*
*1982 — Скопје, Современи македонски уметници — Млада генерација IV, Музеј на современата уметност, 16. III — 10. IV 1982;*

Нирнберг, Лозана, 2. Интернационално триенале на млади — Мајстори на цртежот, Germanisches Nationalmuseum, 11. VI — 31. X 1982;
Musée Cantonal des Beaux Arts, 1. XII 1982 — 31. I 1983;
Скопје, 25 години на интернационалната сликарска колонија во Прилеп, Уметничка галерија, 17. VI — 6. VII 1982;
Почитељ, Мостарско лето '82, (Уметничка колонија), Roznamеđijina džamija, 5—20. VIII 1982;
Скопје, 37 годишна изложба на ДЛУМ, Уметничка галерија, 25. XI — 25. XII 1982;
Скопје, ДЛУМ цртеж '82, НУБ „Климент Охридски", 8—24. XII 1982;
Суботица, XXI Ликовни средби, Galerija likovnog susreta, 1982;
Скопје, Аквизиции III, Музеј на современата уметност, декември 1982.

1983 — Скопје, Критичарите одбраа '83, Дом на младите „25 Мај", 1—20. II 1983;
Херцег Нови, XVI Херцегновски зимски салон, Zavičajni muzej, 3—15. II 1983;
Приштина, 5 биенале на цртеж, Umetnička galerija, 17. III — 10. IV 1983;
Скопје, Подарени дела 81/83, Музеј на современата уметност, 25. VII — 1. IX 1983;
Скопје XXXVIII годишна изложба на ДЛУМ, Уметничка галерија, 24. XI — 25. XII 1983.

1984 — Приштина, Салон на млади, Umetnička galerija, 25. V — 10. VI 1984;
Берлин, Intergrafik '84, Ausstellungszentrum am Fernsehturm, 5. VI — 18. VII 1984;
Скопје, 40 години македонско ликовно творештво, Музеј на современата уметност, 31. VII — 15. X 1984.

1985 — Штутгарт, Современа македонска уметност — сликарство графика скулптура, Rathaus Stuttgart (Erdgeschoss), 11. I — 8. II 1985;
Берлин, Модерна македонска графика, Deutsche Staatsbibliothek, јуни 1985;
Белград, Сараево, Нови Сад, Скопје, Приштина, Загреб, Љубљана, Цетиње, Југословенска графика 1950—1980, Muzej savremene umetnosti, Белград, Umjetnička galeria BIH, Сараево, Galerija savremene likovne umetnosti, Нови Сад, Музеј на современата уметност, Скопје, Galerija umetnosti, Priština, Galerija savremene umjetnosti, Загреб, Umjetnički muzej SR Crne Gore, Цетиње, октомври 1985 — октомври 1986;
Скопје, Современа македонска ликовна уметност (од колекцијата на МСУ Скопје), април-декември 1985.

## BIOGRAPHY

Born in Skopje in 1950. Finished Teachers' Training College in Skopje in 1983. Works as art associate in the Museum of Macedonia. Member of the Association of Macedonian Artists (DLUM) since 1973. Address: Vasil Gorgov 22/64, 91000 Skopje, phone (091) 229-717.

*One-man exhibitions*

1979 — Skopje: Art Gallery, City Shopping Centre (Likoven salon — Gradski trgovski centar), 9th-20th April, 1979 (20 graphics).
— Ohrid: Culture Centre (Dom na kulturata).

1980 — Zagreb: Karas Gallery, 17th-30th September, 1980 (22 graphics, 6 drawings).

1981 — Subotica, Gallery of Art Encounters (Salon likovnog susreta), 15th-30th September, 1981 (25 graphics).

1985 — Skopje, Studio B, 28th November — 4th December 1985 (13 graphics).

*Awards*

1975 — Subotica, Award for graphics at the Art Encounters.

1976 — Skopje, Moša Pijade Award at the 7th Graphics Exhibition of DLUM.

1978 — Bitola, Commendation of the Third Yugoslav Triennial of Graphics.

1979 — Skopje, Clement of Ohrid Commendation of the 10th Graphics Exhibition of DLUM.

1980 — Skopje, Commendation of the Museum of Contemporary Art at the 11th Graphics Exhibition of DLUM.

1984 — Priština, Commendation of the Gallery of the Young.

*Group exhibitions*

Since 1974 he has shown his works at the exhibitions of the Association of Macedonian Artists (DLUM), at the annual exhibitions of DLUM (drawings and graphics), and at exhibitions of contemporary Macedonian art in Banja Luka, Subotica, Skopje, Belgrade, Berlin and Stuttgart, at Yugoslav shows in Zagreb, Subotica, Opole, Lahti, Bitola, Belgrade, Ljubljana, Skopje and Novi Sad, and at international exhibitions in Berlin, Nuremberg and Lausanne.

*БИБЛИОГРАФИЈА*
*BIBLIOGRAPHY*


1973
ВЕЛИЧКОВСКИ, Владимир
СКУЛПТУРАТА КАКО ПРЕЧИСТЕН ЛИКОВЕН ТРЕТМАН
Студентски збор, Скопје, 28. V 1973

1974
ПЕТТА ГРАФИЧКА ИЗЛОЖБА НА ДЛУМ
Нова Макдонија, Скопје, 8. V 1974

Л. Д.
ПЕТТА ГРАФИЧКА ИЗЛОЖБА
Студентски збор, Скопје, 13. V 1974

АБАЏИЕВА ДИМИТРОВА, Соња
ПЛОДНА СОРАБОТКА. За петтата графичка изложба на ДЛУМ
Комунист, Скопје, 20. V 1974

ВЕЛИЧКОВСКИ, В(ладимир)
ЕВОЛУЦИЈА НА ГРАФИЧКИОТ ИЗРАЗ. Кон последната изложба на Народната и универзитетска библиотека во Скопје
Нова Македонија, Скопје, 16. VI 1974

АБАЏИЕВА-ДИМИТРОВА, Соња
V. ГРАФИЧКА ИЗЛОЖБА НА ДЛУМ
Современост, Скопје, 1974, 5—6, 517

ВЕЛИЧКОВСКИ, Владимир
СПЕКТАР ОД ЛИКОВНИ НАСОЧЕНОСТИ. Кон јубилејната изложба „30 години ДЛУМ" во Уметничката галерија во Скопје
Нова Македонија, Скопје, 8. XII 1974, 10014, 12

РАДИЧЕСКИ, Науме
ИЗЛОЖБА „30 ГОДИНИ ДЛУМ"
Студентски збор, Скопје, 17. XII 1974

1975
Ш(ИРИЛОВ), Т(ашко)
НАГРАДИТЕ ЗА ГАВРОВСКИ И МАЛИДАНОВ. Отворена шестата графичка изложба на ДЛУМ
Вечер, Скопје, 16. V 1975

БОГАТА ГРАФИЧКА ПРЕЗЕНТАЦИЈА
Нова Македонија, Скопје, 23. V 1975

ВЕЛИЧКОВСКИ, Владимир
ЗНАЧАЈНА ПРЕСВРТНИЦА. Кон шестата графичка изложба на ДЛУМ во Народната и уневерзитетска библиотека „Климент Охридски"
Нова Македонија, Скопје, 1. VI 1975

ШИМКОВИЋ, Марија
СВЕ ВИШЕ МЛАДИХ УМЕТНИКА. Пети сусрет графичара Југославије у Суботици окупио 144 уметника из земље и иностранства
Дневник, Нови Сад, 23. XII 1975

1975—1976
DAMJANOVSKA, Ljubica
GALERIJA GRAFIČKI KOLEKTIV. Vo: Izložba grafika. XIV likovni susret Subotica 1975. (Katalog) Subotica, Likovni susret Subotica, 1975—1976, s. (10)

1976
СЕДМА ГРАФИЧКА ИЗЛОЖБА НА ДЛУМ
Вечер, Скопје, 6. V 1976

ГРАФИКИ НА ШЕСНАЕСЕТМИНА УМЕТНИЦИ
Нова Макдонија, Скопје, 14. V 1976

ВЕЛИЧКОВСКИ, Владимир
СЕ ПОГОЛЕМ ОДЗИВ. Кон седмата графичка изложба на ДЛУМ во Салонот на Народната и универзитетската библиотека „Климент Охридски" во Скопје
Нова Македонија, Скопје, 16. V 1976

ГРАФИКА НА ЛАУРЕАТИТЕ НА НАГРАДАТА „МОША ПИЈАДЕ"
Вечер, Скопје, 18. XI 1976

IZLOŽBA NAGRAĐENIH. Grafika nagrađenih makedonskih autora, Izložbeni salon do 15. XII
Vjesnik u srijedu, Zagreb, 4. XII 1976

1977
В. Р.
ИЗЛОЖБА НА ГРАФИКА
Вечер, Скопје, 18. III 1977

Ш(ИРИЛОВ), Т(ашко)
ГИГАНТСКА ИЗЛОЖБА НА ДЛУМ
Вечер, Скопје, 3. XI 1977, 4468, 13

КЛЕТНИКОВ, Е(фтим)
БЕЗ ПРИНЦИП НА СЕЛЕКЦИЈА
Млад борец, Скопје, 16. XI 1977, 1216, 23

ВЕЛИЧКОВСКИ, Владимир
НАЈЦЕЛОСНО ПРЕЗЕНТИРАЊЕ. Кон традиционалната изложба на ДЛУМ во Музејот на современата уметност во Скопје
Нова Македонија, Скопје, 20. XI 1977, 11075, 10

1978
М(ЕХАНЏИСКИ), В(анчо)
НАГЛАСЕНИСТ НА ВАЛЕРСКИТЕ ТОНОВИ И КОМПОЗИЦИИ
Нова Македонија, Скопје, 12. V 1978, 11242, 10

ГИЛЕВСКИ, Паскал
ГРАФИЧКИ ВАРИЈАНТИ. IX графичка изложба на ДЛУМ во библиотеката „Климент Охридски" во Скопје
Вечер, Скопје, 12. V 1978, 4626, 13

Д(ИМИТРОВСКИ), Д(имитар)
ТРЕТОТО ТРИЕНАЛЕ НА СОВРЕМЕНАТА ЈУГОСЛОВЕНСКА ГРАФИКА
Нова Македонија, Скопје, 3. XI 1978, 11417, 9

1979
Ѓ(УРОВСКА), С(офија)
ТРИЕНАЛЕ НА СОВРЕМЕНАТА ЈУГОСЛОВЕНСКА ГРАФИКА
Нова Македонија, Скопје, 30. I 1979, 11501, 10

ГИЛЕВСКИ, Паскал
ГРАФИЧКИ КАЛЕИДОСКОП. Триенале на современата југословенска графика во Центарот за култура и информации во Скопје
Вечер, Скопје, 3. II 1979, 4852, 11

НОВИ ГРАФИКИ. Во: Луѓе во фокусот
Вечер, Скопје, 6. IV 1979, 4905, 22

ДАМЈАНОВСКА, Љубица
(ПРЕДГОВОР) ВО: Димчевски Трајче изложба на графика. (Каталог) Скопје, (Друштво на ликовните уметници на Македонија), 1979

ГРАФИКИ ОД ТРАЈЧЕ ДИМЧЕВСКИ
Вечер, Скопје, 10. IV 1979, 4908, 14

Ѓ(УРОВСКА), С(офија)
ГРАФИКИ НА ТРАЈЧЕ ДИМЧЕВСКИ
Нова Македонија, Скопје, 11. IV 1979, 11572, 10

ГИЛЕВСКИ Паскал
ГРАФИЧКИ ПЕЈЗАЖИ. За самостојната изложба на Трајче Димчевски во Ликовниот салон во Трговскиот центар во Скопје
Вечер, Скопје, 24. IV 1979, 4920, 11

МУСОВИЌ, Богдан
ДО ПИКТУРАЛЕН ВПЕЧАТОК СО ГРАФИЧКО СРЕДСТВО. Што донесе неодамна одржаната изложба во Продажниот салон на Друштвото на ликовните уметници на Македонија во Трговскиот центар, со која се претстави младиот графичар Трајче Димчевски
Нова Македонија, Скопје, 29. IV 1979, 11590, 10

ДАМЈАНОВСКА, Љубица
СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ГРАФИКА. Во: 10 графичка изложба на ДЛУМ. (Каталог) Скопје, Народна и универзитетска библиотека „Климент Охридски", 1979, с. (14, 16)

Ѓ(УРОВСКА), С(офија)
„МОША ПИЈАДЕ" ЗА СИМОН ШЕМОВ. Доделени наградите на графичката изложба на ДЛУМ
Нова Македонија, Скопје, 10. V 1979, 11559, 8

Е. Т.
ГРАФИЧКА ИЗЛОЖБА НА ДЛУМ
Вечер, Скопје, 10. V 1979, 4932, 15

ГИЛЕВСКИ, Паскал
ГРАФИЧКО БОГАТСТВО. Графичка изложба на ДЛУМ во библиотеката „Климент Охридски" во Скопје
Вечер, Скопје, 12. V 1979, 4934, 9

РЕДОВНО ИЗБОРНО СОБРАНИЕ НА ДЛУМ
Нова Македонија, Скопје, 28. V 1979, 11617, 3

ВАСЕВА, Викторија
ИМИЊА ШТО ВЕТУВААТ
Културен живот, Скопје, 1979, 6 36

АНДРЕЕВСКА, Елна
ПРОСТОР ЗА ЕДНА ЛИКОВНА ИГРА. Самостојната изложба на графики на Трајче Димчевски во Ликовниот салон — Трговски центар Скопје
Разгледи, Скопје, 1979, 6, 631—632

ГОСТУВАЊЕ. ВО: Луѓе во факусот
Вечер, Скопје, 3. VIII 1979, 5005, 22

ЃУРОВСКА, С(офија)
ИЗЛОЖБИ ВО ЛОНДОН И БРАТФОРД
Нова Македонија, Скопје, 12. X 1979, 11754, 6

Ј. П.
МАКЕДОНСКА УМЈЕТНОСТ У ЛОНДОНУ И БРАДФОРДУ
Побједа, Титоград, 17. X 1979, 4978, 13

Ѓ(УРОВСКА), С(офија)
ПЕЈЗАЖОТ КАКО ЛИКОВЕН ПРЕДИЗВИК
Нова Македонија, Скопје, 25. X 1979, 11676, 10

ВЕЛИЧКОВСКИ, Владимир
НЕ ИЗОСТАНАА ИНТЕРЕСНИ ОСТВАРУВАЊА. Кон 34 годшната изложба на ДЛУМ во просториите на Музејот на современата уметност во Скопје
Нова Македонија, Скопје, 4. XI 1979, 11777, 10

ВЕЛИЧКОВСКИ, Владимир
СКРОМЕН НО ЗНАЧАЕН ЈУБИЛЕЈ. Кон Десеттата графичка изложба на ДЛУМ во НУБ „Климент Охридски" во Скопје
Разгледи, Скопје, 1979, 8—9, 937

ГИЛЕВСКИ, Паскал
ШТО Е ТОА ЦРТЕЖ? Изложба на членовите на ДЛУМ во НУБ во „Климент Охридски" во Скопје
Вечер, Скопје, 24. XII 1979, 5125, 12

АБАЏИЕВА-ДИМИТРОВА, Соња
ЛИКОВЕН ПРЕГЛЕД. Панорамски приказ на југословенската графика. По повод изложбите на југословенската современа графика — 3. триенале во Битола и Скопје
Современост, Скопје, 1979, 9—10, 96

1980
Ѓ(УРОВСКА), С(офија)
ГОДИНА НА ЖИВО ЛИКОВНО ПУЛСИРАЊЕ. Ретроспектива на ликовната '79 во Скопје
Нова Македонија, Скопје, 4. I 1980, 11833, 10

ГОСТУВАЊА. Во: Луѓе во фокусот
Вечер, Скопје, 2. IV 1980, 5209, 22

ГИЛЕВСКИ, Паскал
ГРАФИЧКИ ИЗНЕНАДУВАЊА. Годишна графичка изложба на ДЛУМ во библиотеката „Климент Охридски" во Скопје
Вечер, Скопје, 3. VI 1980, 5260, 21

ВЕЛИЧКОВСКИ, В(ладимир)
ПО НЕКОЕ БРАНЧЕ НА МИРНАТА ПОВРШИНА. Кон 11-та графичка изложба на ДЛУМ во НУБ „Климент Охридски" во Скопје
Нова Македонија, Скопје, 13. VI 1980, 11993, 11

ОТКУПНА НАГРАДА НА МСУ ЗА ДИМЧЕВСКИ
Нова Македонија, Скопје, 12. VI 1980, 11992, 10

ГИЛЕВСКИ, Паскал
МАКЕДОНСКИ И НОРВЕШКИ ГРАФИКИ
Вечер, Скопје, 13. VI 1980, 5269, 12

А(БАЏИЕВА) ДИМИТРОВА, Соња
СУДИР НА ВРВНИ И ПОТПРОСЕЧНИ РЕЗУЛТАТИ. Единаесетта графичка изложба на Друштвото на ликовните уметници на Македонија
Комунист, Скопје, 27. VI 1980, 25. 22

ВАСЕВА-ДИМЕСКА, Викторија
НОВА ГАМА НА ТВОРЕЧКИ РЕЗУЛТАТИ ВО ГРАФИКАТА
Културен живот, Скопје, 1980, 6, 41

ТВОРЕШТВО НО И ПРОБЛЕМИ
Народен глас, Прилеп, 18. VII 1980, 425, 5

POZNIĆ, Zdravko
(ПРЕДГОВОР) Во: Trajče Dimčevski. (Каталог). Zagreb, Salon galerije Karas-HULUZ, 1980, s. (2)

НЕДЕЛКОВСКА, Лилјана
XI ГРАФИЧКА ИЗЛОЖБА НА ДЛУМ
Разгледи, Скопје, 1980, 7, 818

Ш(ИРИЛОВ), Т(ашко)
ГРАФИКИ ОД ТРАЈЧЕ ДИМЧЕВСКИ
Вечер, Скопје, 14. X 1980, 5374, 14

ŠKUNCA, Josip
NESPORAZUMI, USPESI I POKUŠAJI.U povodu samostalnih izložba Hazbe Nuhanovića, Trajča Dimčevskog i i Ivica Fišera u Zagrebu
Vjesnik, Zagreb, 25. X 1980, 11914, 7

ЛОКВЕНЕЦ, Т(ашко)
НОВИ ЕКСПОНАТИ ВО ЛИКОВНАТА ЗБИРКА
Нова Македонија, Скопје, 28. X 1980, 12124, 10

Ш(ИРИЛОВ), Т(ашко)
СОВРЕМЕНИ МАКЕДОНСКИ ГРАФИЧАРИ
Вечер, Скопје, 20. XI 1980, 5406, 14

П. А.
МАКЕДОНСКА ГРАФИКА У ГАЛЕРИЈИ „БОРБЕ"
Борба, Београд, 20. XI 1980, 321, 11

ГРАФИЧКА ИЗЛОЖБА НА МАКЕДОНСКИ УМЕТНИЦИ
Нова Македонија, Скопје, 21. XI 1980, 12154, 10

ДАМЈАНОВСКА, Љубица
СОВРЕМЕНИ МАКЕДОНСКИ ГРАФИЧАРИ. Најбоља остварења македонске графике пред београдском публиком у Галерији „Борбе"
Борба, Београд, 22. XI 1980, 323, 13

П. А.
ПРЕСЕК САВРЕМЕНЕ МАКЕДОНСКЕ ГРАФИКЕ
Борба, Београд, 22. XI 1980, 323, 1

ГИЛЕВСКИ, Паскал
НОВИ ПОЈАВИ И ВРЕДНОСТИ
Вечер, Скопје, 28, 29 и 30. XI 1980, 5413, 14

DAMJANOVSKA, Lj(ubica)
(ПРЕДГОВОР) Во: Savremeni makedonksi grafičari (Каталог). Скопје, Музеј на современата уметност „Скопје", 1980, с. (1)

ИЗЛОЖБА У БОРБИ
ТВ. Новости, Београд, 5. XII 1980, 832, 15

ЗАДОВОЛСТВО. Во: Луѓе во фокусот
Вечер, Скопје, 9. XII 1980, 5421, 22

АБАЏИЕВА-ДИМИТРОВА, Соња
ГОДИШЕН БИЛАНС НА ДЛУМ
Комунист, Скопје, 12. XII 1980, 49, 22

АБАЏИЕВА ДИМИТРОВА, Соња
ДИНАМИЧНА И ПЛОДНА АКТИВНОСТ. Годината 1980 под лупа
Комунист, Скопје, 29. XII 1980, 51—52, 28

VASEV DIMEVSKA, Viktorija
SKOPSKA LIKOVNA KRONIKA. Samostojna razstava Trajčeta Dimčevskega v skopskem Likovnom salonu
Sinteza, Ljubjana, 1980, 50—52, 152

ГЕЛЕВСКИ, Паскал
СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ЛИКОВНА УМЕТНОСТ
Културен живот, Скопје, 1980, 10, 40

ДАМЈАНОВСКА, Љубица
НОВИ ПРОСТОРИ НА МАКЕДОНСКАТА СОВРЕМЕНА ГРАФИКА
Културен живот, Скопје, 1980, 10, 53

1980—1981

АБАЏИЕВА ДИМИТРОВА, Соња
СЕ ПОПРИСУТНИ ВО СВЕТСКИТЕ ГАЛЕРИИ. Пробиви на македонската ликовна уметност
Нова Македонија, Скопје, 31. XII 1980 — 1 и 2. I 1981, 12192, 10

1981

Ѓ(УРОВСКА), С(офија)
МАКЕДОНСКА ГРАФИКА И ЦРТЕЖ ВО НОВИ САД И ЗАГРЕБ
Нова Македонија, Скопје, 20. II 1981, 12241, 10

ГИЛЕВСКИ, Паскал
НОВИ ПРОСТОРИ. Графичка изложба на ДЛУМ
Вечер, Скопје, 19. V 1981, 5555, 15

МУСОВИЌ, Богдан Видое
ЗА МЕНУВАЊЕ НА ЛИКОВНИОТ МЕДИУМ. По повод Дванаесеттата графичка изложба на ДЛУМ во Народната и уневерзитетска библиотека „Климент Охридски" во Скопје
Нова Македонија, Скопје, 24. V 1981, 12332, 10

ТЕОДОСИЕВСКИ, Златко
ГРАФИЧКА ИЗЛОЖБА НА ДЛУМ
Културен живот, Скопје, 1981, 6, 22

ВЕЛИЧКОВСКИ, Владимир
ПАНОРАМА НА МАКЕДОНСКАТА ЛИКОВНА УМЕТНОСТ
Разгледи, Скопје, 1981, 6, 530

Ѓ(УРОВСКА), С(офија)
ИЗЛОЖБА НА ЈАКИМОВСКИ И ДИМЧЕВСКИ
Нова Македонија, Скопје, 10. IX 1981, 12441, 10

CRTEŽI I GRAFIKE
Subotičke novine, Subotica, 11. IX 1981 36, 15

Р. Р. Т.
СКОПСКИ КУЛТУРЕН МОЗАИК
Вечер, Скопје, 15. IX 1981, 5657, 14

VASEV DIMESKA, Viktorija
(ПРЕДГОВОР) Во: Dimčevski. (Каталог). Subotica, Salon likovnog susreta, 1981

SLIKE-MISAONI DOŽIVLJAJ. U likovnom susretu otvorena nova izložba
Subotičke novine, Subotica, 18. IX 1981, 37, 15

SAJKO, Ištvan
KULTURNI ŽAL U LETNJEM PERIODU
Subotičke novine, Subotica, 25. IX 1981, 38, 9

ŠKUNCA, Josip
BOGATSTVO FORME. Uz izložbe „Suvremena grafika u Makedoniji" i „Makedonski narodni vez" u Zagrebu
Vjesnik, Zagreb, 25. IX 1981, 12242, 7

АБАЏИЕВА, Соња
ЛИКОВЕН ПРЕГЛЕД. За 12. графичка изложба на ДЛУМ во НУБ „Климент Охридски" — Скопје
Современост, Скопје, 1981, 7, 119

УСПЕШНО ВО СУБОТИЦА. Во: Луѓе во фокусот
Вечер, Скопје, 19. X 1981, 5686, 26

Т. К. (ШИРИЛОВ, Ташко)
ИЗЛОЖБА НА ГРАФИЧКАТА КОЛОНИЈА „ГЕВГЕЛИЈА 81"
Вечер, Скопје, 20. X 1981, 5687, 11

ИЗЛОЖБА НА ГРАФИЧКАТА КОЛОНИЈА „ГЕВГЕЛИЈА 81"
Нова Македонија, Скопје, 21. X 1981 12482, 10

ВЕЛИЧКОВСКИ, Владимир
ЕДЕН МОЖЕН ИЗБОР. Кон изложбата на СДЛУЈ во Музејот на современата уметност во Скопје
Нова Македонија, Скопје, 1. XI 1981, 12493, 10

ГЕЛЕВСКИ, Паскал
КОЛОНИЈА НА ГРАФИЧАРИТЕ. Изложба на II гевгелиска графичка колонија во Цнтарот за култура и информации
Вечер, Скопје, 5. XI 1981, 5701, 12

МУСОВИЌ, Богдан Видое
ЗБЛИЖУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ. Повод-седмата изложба на Сојузот на друштвата на ликовните уметници на Југославија, во Музејот на современата уметност во Скопје
Блад борец, Скопје, 25. XI 1981, 1364, 17

ТУТОРОВ, Јасмина
ЦРТЕЖИ И ГРАФИКЕ. Изложба скопских ликовних уметника
Зрењанин, Зрењанин 27. XI 1981, 1509, 4

1981—1982

VASEV DIMESKA, Viktorija
SKOPSKA LIKOVNA KRONIKA. XII grafička razstava DLUM
Sinteza, Ljubljana, 1981—1982, 55, 56, 57, 144

1982
А(БАЏИЕВА) ДИМИТРОВА, Соња
РАЗЛИЧНИ ОСТВАРУВАЊА. За годишната изложба на ДЛУМ и „Цртеж 81" во Скопје
Комунист, Скопје, 15. I 1982, 1296, 22

МАРКОВИЋ, Милан М.
МНОГОСТРУКОСТ ЛИКОВНИХ ПРИСТУПА. Уз петнаесту изложбу ликовног салона „13 Новембар"
Овдје, Титоград, I 1982, 1159, 4

МУСОВИЋ, Богдан Видоје
ИЗМЕЂУ СТАРОГ И НОВОГ. Поводом VII изложбе Савеза друштва ликовних умјетника Југославије у Музеју савремене умјетности у Скопљу
Овдје, Титоград, I 1982, 1159, 22

В. Г.
ДОДЕЛЕНИ НАГРАДИ НА ИЗЛОЖБАТА МЛАДА ГЕНЕРАЦИЈА IV"
Вечер, Скопје, 18. III 1982, 5812, 12

БОЧВАРОВА, Марика
(ПРЕДГОВОР) Во: Современи македонски уметници — Млада генерација IV. (Каталог) Скопје, Музеј на современата уметност „Скопје", 1982, с. (2)

Ѓ(УРОВСКА), С(офија)
НАГРАДИ НА ИЗЛОЖБАТА „МЛАДА ГЕНЕРАЦИЈА IV"
Нова Македонија, Скопје, 19. III 1982, 12627, 10

ВЕЛИЧКОВСКИ, Владимир
РАЗЛИЧНИ ИСТРАЖУВАЊА. Кон изложбата „Млада генерација IV" во Музејот на современата уметност во Скопје
Нова Македонија, Скопје, 21. III 1982, 12529, 10

ГИЛЕВСКИ, Паскал
МЛАДА ГЕНЕРАЦИЈА IV. Во МСУ во Скопје
Вечер, Скопје, 23. III 1982, 5816, 12

ВЕЛЕВСКА, Валентина
ИГРИ БЕЗ ГРАНИЦИ. Млада генерација IV
Млад борец, Скопје, 31. III 1982, 1379, 14

АБАЏИЕВА-ДИМИТРОВА, Соња
МИНАТОГОДИШНИТЕ ЛИКОВНИ ВРВОВИ
Современост, Скопје, 1982, 3, 127

ТЕОДОСИЕВСКИ, Златко
НЕУЕДНАЧЕНОСТ НА КВАЛИТЕТОТ. Кон изложбата „Млада генерација IV" во Музејот на современата уметност во Скопје
Разгледи, Скопје, 1982, 4, 324

АБАЏИЕВА ДИМИТРОВА, Соња
МЛАДИТЕ НА ПОТЕГ. Современи македонски уметници — млада генерација IV
Современост, Скопје, 1982, 4, 127

АБАЏИЕВА ДИМИТРОВА, Соња
МЛАДИТЕ НА ПОТЕГ. За изложбата Современи македонски уметници-млада генерација IV
Комунист, Скопје, 14. V 1982, 1313, 22

ПАУНОВСКИ, Љубен
СЛЕДУВА-НАПРЕД ВО СЕБЕ СИ. Современи македонски уметници-млáда генерација 4, Музеј на современата уметност во Скопје
Современост, Скопје, 1982, 5, 87

ВАСЕВА, Викторија
„МЛАДА ГЕНЕРАЦИЈА 4"
Културен живот, Скопје, 1982, 6, 49

ГИЛЕВСКИ, Паскал
ОТВОРЕНИ КОНАЦИ. 25 годишен јубилеј на Прилепската сликарска колонија
Вечер, Скопје, 8. VII 1982, 5909, 9

ГИЛЕВСКИ, Паскал
РЕЗУЛТАТИТЕ НА ПОВИДОК. За традиционалното годишно презентирање на ДЛУМ во Уметничката галерија во Скопје
Вечер, Скопје, 6. XII 1982, 6036, 11

1983
АБАЏИЕВА ДИМИТРОВА, Соња
РАЗНОВИДНО И ИНТЕРЕСНО. За изложбите на ситна пластика, Јордан Грабул, цртеж '82 и Мирослав Шутеј
Комунист, Скопје, 21. I 1983, 1349, 22

АБАЏИЕВА ДИМИТРОВА, Соња
ОБИД ЗА МЕНУВАЊЕ. За годишната изложба на ДЛУМ во Уметничката галерија во Скопје
Комунист, Скопје, 14. I 1983, 1348, 22

ИЗЛОЖБА „КРИТИЧАРИТЕ ОДБРАА"
Нова Македонија, Скопје, 1. II 1983, 12940, 7

БОЧВАРОВА, Марика
(ПРЕДГОВОР) Во: Критичарите одбраа. (Каталог) Скопје, Дом на младите „25 Мај", 1983

С(АЗДОВА), В(инка)
КРИТИЧАРИТЕ ИЗБРАА. Дом на младите „25 Мај" во Скопје
Вечер, Скопје, 9. II 1983, 6091, 15

ГИЛЕВСКИ, Паскал
ИЗБОРОТ НА КРИТИЧАРИТЕ
Вечер, Скопје, 24. II 1983, 6104, 13

ВЕЛИЧКОВСКИ, Владимир
МЕСТИМИЧНИ СУПТИЛНОСТИ. Кон традиционалната изложба на ДЛУМ — Цртеж '83 во НУБ „Климент Охридски"
Нова Македонија, Скопје, 21. XII 1983, 13260, 8

1984
С(АЗДОВА), В(инка)
ДЕЛА ОД МАКЕДОНСКИ УМЕТНИЦИ. ВО изложбениот салон „Студио Б" во Скопје
Вечер, Скопје, 2. II 1984, 6394, 10

З. Ф.
НЕЗНАЧИТЕЛНИ ПОМЕСТУВАЊА
Нова Македонија, Скопје, 18. II 1984, 13317, 6

С(АЗДОВА), В(инка)
НОВИ ДЕЛА. Во продажниот салон „Студио Б" во Скопје
Вечер, Скопје, 23. II 1984, 6412, 11

Ц. З.
ОЉА ИВАЊИЦКИ ВО „СТУДИО Б"
Вечер, Скопје, 3. IV 1984, 6446, 10

ЦРТЕЖИ НА ОЉА ИВАЊИЦКИ
Нова Македонија, 24. IV 1984, 13383, 9

Р. Р. Т.
ДЕЛА НА МАКЕДОНСКИ УМЕТНИЦИ. Во новата изложбена поставка во салонот „Студио Б"
Вечер, Скопје, 25. IV 1984, 6465, 10

БОШКОВСКА, Надица
СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ГРАФИКА. Во: 15 графичка изложба на ДЛУМ. (Каталог) Скопје, народна и универзитетска библиотека „Климент Охридски", 1984, с. (17, 18)

ГИЛЕВСКИ, Паскал
СТИЛИЗИРАН СВЕТ
Вечер, Скопје, 22. V 1984, 6486, 10

НАГРАДЕ ПРИШТИНСКОГ „САЛОНА МЛАДИХ"
Политика, Београд, 28. V 1984, 25374,

ПРИШТИНСКИ „САЛОН МЛАДИХ"
Oslobođenje, Sarajevo, 28. V 1984, 12907, 5

ПЕТКОВСКИ, д-р Борис
40 ГОДИНИ МАКЕДОНСКО ЛИКОВНО ТВОРЕШТВО. Историските хоризонти на македонската ликовна уметност. Во: 40 години македонско ликовно творештво 1944—1984. (Каталог). Скопје, Музеј на современата уметност, 1984, с. (9)

БАРИШИЌ, Ладислав
СТАНДАРДНА ГРАФИЧКА ПОСТАВКА. Кон изложбата „Современа македонска графика", Дом на младите „25 Мај", јули-август 1984 година
Екран, Скопје, 17. VIII 1984, 718, 34

Ш(ИРИЛОВ), Т(ашко)
МАКЕДОНСКА ИЗЛОЖБА ВО ШТУТГАРТ
Вечер, Скопје, 21. XII 1984, 6667, 13

МУСОВИЌ ,Богдан Видое
40 ГОДИНИ МАКЕДОНКО ЛИКОВНО ТВОРЕШТВО. По повод 40 години од Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија (АСНОМ)
Современост, Скопје, 1984, 10, 86

1985
З. П.
ИЗЛОЖБА НА ДЛУМ ВО ШТУТГАРД
Нова Македонија, Скопје, 10. I 1985, 13638, 8

ШИРИЛОВ, Т(ашко)
МАКЕДОНСКА УМЕТНОСТ ВО ШТУТГАРТ
Вечер, Скопје, 10. I 1985, 6682, 11

VASEVA, Viktorija
(ПРЕДГОВОР) Во: Zeitgenossische Kunst aus Mazedonien. Maleri, grapkih skulpturen. (Каталог). Stuttgart, Kultur-und Informationszentrud der SFR Jugoslawien und Kulturamt der Landeshauptstadt Stuttgart, 1985, s. (9—10)

АБАЦИЕВА ДИМИТРОВА, Соња
МЕЃУ ВИДЕНОТО И НАСЕТЕНОТО. 16 графичка изложба на ДЛУМ
Комунист, Скопје, 17. V 1985, 1470, 21

GILEVSKI, Paskal
MODERNE MAKEDONISCHE GRAPHIK. Во: Moderne makedonische graphik. (Каталог) Skopje, Narodna i univerzitetska biblioteka „Kliment Ohridski", 1985, s. (2)

САЗДОВА, В(инка)
ФОТО-ПРИКАЗНА ЗА МАКЕДОНИЈА
Вечер, Скопје, 30. X 1985, 6931, 11

ЃУРОВСКА, Софија
ИСТРАЖУВАЧКА САМОСВЕСТ И АВТЕНТИЧНИ СОДРЖИНИ
Нова Македонија, Скопје, 10. XI 1985, 13939, 9

МАРЈАНОВИЋ, М. Ч.
ГАЛЕРИЈА У ФАБРИЦИ
Политика експрес, Београд, 22. XI 1985, 7801, 8

Ѓ(УРОВСКА), С(офија)
ПОДВИЖНА ГРАФИЧКА ИЗЛОЖБА. На оваа изложба на југословенската графика застапени се и 20 македонски уметници
Нова Македонија, 22. XI 1985, 13951, 10

Ѓ(УРОВСКА), С(офија)
КАМЕРНА ИЗЛОЖБА НА ТРАЈЧЕ ДИМЧЕВСКИ
Нова Македонија, Скопје, 27. XI 1985, 13956, 10

ТРАЈЧЕ ДИМЧЕВСКИ ВО „СТУДИО Б"
Вечер, Скопје, 27. XI 1985, 6955, 9

ABADŽIJEVA DIMITROVA, Sonja
GRAFIKA U MAKEDONIJI. Во: Jugoslovenska grafika 1950—1980. Jugoslovenska umetnost XX veka. Beograd, Muzej savremene umetnosti, 1985—1986, s. 69, 71

Издавач:
Музеј на современата уметност
Скопје

Одговорен уредник:
Слободанка Парлиќ Баришиќ

Предговор, организација на изложбата и каталог:
Викторија Васев Димеска

Библиографија:
Лилјана Неделковска Димитровска

Превод на англиски:
Филип Корженски

Фотографии:
Блаже Мицевски

Ликовно обликување:
Стефан Георгиевски

Печат:
Г.З. „Гоце Делчев", Скопје

Тираж:
500

Publisher:

Museum of Contemporary Art
Skopje

Editor in chief:
Slobodanka Parlić Barišić

Preface, catalogue and organizatio
Viktorija Vasev Dimeska

Bibliography:
Liljana Nedelkovska Dimitrovska

Translated into english:
Filip Korženski

Photographs:
Blaže Micevski

Lay-out:
Stefan Georgievski

Printed by:
G.Z. „Goce Delčev", Skopje
500 copies